

# Одликувања по повод јубилејот на МПЦ

На 10 јуни 2007 година претседателот на Република Македонија Бранко Црвенковски на поглаварот на Македонската Православна Црква г.г. Стефан му го врачи највисокото државно одликување, Орден на Република Македонија. Свеченоста, на која присуствуваше и единствениот жив сведок на чинот на возобновувањето на Охридската Архиепископија во лицето на Македонската Православна Црква, Митрополитот полошко-кумановски г. Кирил, се одржа во соборната црква на Света Софија во Охрид. Архиепископот г.г. Стефан истакна дека доделениот Орден им припаѓа на сите „кои тагуваа по славната Охридска Архиепископија, на сите кои се обидуваа да ја обноват, на оние кои по поразите во востанијата и бурите остануваа простум, на оние кои за ништо не ја менуваа слободата на татковината и Црквата и, конечно, на оние кои во 1967 година ја вратија целосната слава на древната Охридска Архиепископија“.

На 21 јуни 2007 година, на седница на Светиот Архиерејски Синод на Македонската Православна Црква беше донесена одлука Митрополитот полошко-кумановски г. Кирил оваа година да добие највисоко црковно признание, орденот на Свети Климент Охридски од прв ред. На синодската седница, македонските владици го составија и списокот на годинешните добитници на Светиклиментовиот орден, кое по повод 40 години од автокефалноста на МПЦ ќе го добијат десетмина јавни личности, академици и бизнисмени. Македонската Православна Црква за 40-годишнината од автокефалноста подготвува и неколку капитални црковни изданија, кои ќе бидат промовирани.

извор: www.mpc.org.mk





# Руската Помесна Православна Црква се обедини

На 17 мај 2007 година во Москва се случи потпишувањето на Актот за канонско единство на Московската патријаршија и Руската Православна Задгранична Црква. На празникот на Христовото Вознесение, во московскиот соборен храм на Христос Спасителот, после скоро 90-годишниот прекин, за првпат сослужуваа и во олтарот на црквата заеднички се причестија Патријархот московски и на цела Русија Алексиј II, поглаварот на Руската Православна Задгранична Црква, митрополитот Лавр, архиереите и свештениците на двете гранки на Руската Црква. По причестувањето на клириците, отпочна заедничкото причестување на паствата на Московската патријаршија и на Задграничната Црква.

Општествената палата на Руската Федерација го смета за историски настанот на обединувањето на Црквата и предлага таа дата да се прогласи за национален празник.

Секретарот на комисијата на Московската патријаршија за дијалог со РПЗЦ, протоереј Николај Балашов, се надева дека обединувањето на Руската Православна Црква ќе послужи како пример за другите помесни Православни Цркви во кои сè уште има црковни поделби. „За тие Цркви, кои доживуваат поделба, ова е знак за надеж дека постоечка црковна поделба може да се надмине со братски дијалог.“

извори: www.patriarhia.ru, www.pravoslavie.ru





# Религијата и децата

Џон Бартковски, социолог од универзитетот Мисисипи, и неговите колеги во април оваа година во журналот Social Science Research објавија резултати од истражување што сведочат за тоа дека децата на религиозни родители подобро се однесуваат и се поурамнотежени. Ова е прво истражување посветено на **влијанието на религијата во развојот на децата** и тоа покажува и дека постојаните конфликти во семејството на верска основа имаат сосема спротивен ефект. Истражувачите прашаа повеќе од 16 илјади учители и родители на ученици од основно образование (повеќето од нив првоодделенци) за да дознаат како возрасните ја оценуваат самоконтролата на децата и нивната комуникација со врсниците, колку често кај децата се пројавува лошо расположение и поведение. Потоа тие појаснија колку често родителите ги водат децата во црква, зборуваат со нив за религијата, спорат за верата и за Бога меѓу себе - и овие податоци ги споредија со претходните.

Зошто е религијата полезна за децата? Бартковски смета дека за тоа има низа причини. Во религиозните заедници е пракса на секој начин да се поддржуваат родителите и да им се помага, што без сомнение доведува до подобрување на однесувањето на родителите, а тоа од своја страна се одразува на квалитетот на воспитанието. Понатаму: во религиозната средина постои таков систем на вредности и норми кој од самиот почеток ги учи децата да бидат самопожртвувани, да го почитуваат семејството и мислењето на постарите, што индиректно влијае на нивното воспитание. Најпосле, институцијата на Црквата му дава на воспитанието своеобразно свештено значење.

На 17 април 2007 година, Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование. Согласно Законот, **веронауката и историјата на религии ќе бидат изборни предмети во петто оделение од учебната 2008/09 година**. Во шесто одделение учениците ќе избираат меѓу етиката и граѓанската култура.

На 20 јуни **грузискиот Сојуз на православни родители** организираше протестен од пред Министерството за образование во Тбилиси. Родителите протестираат против реформата во образовниот систем на земјата, којшто тие го сметаат за неправославен. Учесниците во протестите настојуваат да се донесе закон за образованието со кој ќе се забрани непристојност, насилство, злоупотреба на дрога и заштита на децата од штетни информации. Родителите исто така изјавија дека реформата на образовниот систем ги нарушува човековите права бидејќи забранува веронаука како и уредување на православни катчиња со крстови и икони.

извори: www.patriarhia.ru, www.mpc.org.mk, www.rustavi2.com



# Црквата одговара:

Телевизискиот канал на Грузиската патријаршија на 10 јуни стартуваше со **младинско риалити шоу** „48 часа“, во кое учесниците се млади луѓе на 16-годишна возраст, а кое е подготвено како противтежа на сличните вакви емисии, кои пропагираат агресивност и неморал. Во шоуто „48 часа“ победата ќе се постигнува не преку елиминирање на другиот, туку по пат на пријателство, поддршка и заедничка борба на учесниците против вештачката интелигенција.

**Грчката Православна Црква им забрани на своите свештенослужители да учествуваат во изборниот процес и да се кандидираат на изборите.** Светиот Синод на Грчката Црква одговори негативно на молбата на еден свештеник да му дозволат да ја истакне својата кандидатура на изборите, бидејќи учеството на свештеник во политиката може да ги подели верниците врз основа на нивните политички убедувања. „Поделбата на верниците е недозволива, тоа не ѝ приличи на духовната улога на свештеникот.“

На 12 април воспитаници на училиштето-интернат за деца со проблеми со слухот од Саранск, Русија, беа на дводневна екскурзија во Москва. Во рамките на посетата тие присуствуваа на **Литургија со превод на јазикот на глувонемите** во црквата на Тихвинската икона на Богородица, на која се причестија со Светите Христови Тајни.

На 23 април оваа година за првпат и во Романија, во црквата на светите Константин и Елена во реонот Брашов, свештениците од Архиепископијата на Сибиу отслужија и преведуваа на јазикот на глувонемите **Литургија за верници со оштетен слух**. На 13 мај истите свештеници отслужија и **Литургија за луѓе со оштетен вид**.

На 19 април 2007 година, во име на Руската Православна Црква, началникот на Одделот за надворешни црковни врски, протоереј Всеволод Чаплин, во врска со **евтаназијата** изјави дека „постојат моменти кога нема смисла вештачки да се одржува животот во телото во коешто веќе многу години нема знаци на свест, а можно е веќе и душата да е одвоена од него; но да го помагаме извршувањето самоубиство е апсолутно неприфатливо од христијанска гледна точка. Евтаназијата раѓа и големи опасности од злоупотреба, за што зборуваат не само верните туку и неверниците. Освен тоа човекот внатрешно може да се најде под притисок на лажниот морал, кој ќе му сугерира да си замине од овој живот за да не пречи никому. Во суштина, сите земни грижи се ништожни во однос на вечниот живот, од кој се лишува оној што се самоубива. Јас одлучно би предупредил да не се избрзува со прифаќањето на овој закон само врз основа на мислењата на заинтересираните групи: еден дел од медицинарите, правниците и политичарите.“







# Црквата одговара:

При храмот на светите маченици Флор и Лавр во Кемеровската област, Русија, се планира отворање на **православен центар за рехабилитација** „Враќање“, посветен на свети Јован Кронштадски, а наменет за зависници од дрога и алкохол. Рехабилитацијата се заснова на молитва и работа, а конечната цел е воцрковување на рехабилитантите. Минатото лето при истиот храм беше основано здружение на трезноста, кое сега има околу 30 членови. Многумина од нив се заветуваа на трезност - ветија на Господ дека ќе се воздржуваат од алкохол, дрога, пушење и непристојно зборување. Настојателот на храмот о. Дионисиј постојано одржува беседи со членовите на здружението, после кои се служи Молебен со Акатист на иконата на Богородица „Неупиваемая чаша“.

Со благослов на Грузискиот патријарх Илија II, во медицинскиот центар „Манана Шарашидѕе“, Тбилиси, од април годинава почна да функционира **„Дом на милосрдието“.** Цел на оваа институција е да им помогне на млади жени во тешки ситуации, како и на идни мајки принудени од некоја причина да абортираат. Наместо ослободување од плодот, во центарот на идната мајка ќе ѝ предлагаат да го роди детето и да го остави во Домот на милосрдието, каде што тоа ќе помине одреден период од животот. Мајката ќе може во секое време да го земе детето оттаму, според сопствена желба. Контролата над работата на оваа институција му е доверена на Архиепископот батумски и кобулетски Димитриј, со чии усилби и благослов пред некое време во Батуми беше отворена **гимназија-интернат за деца лишени од родителска грижа.**

Православните свештеници од рускиот град Алапаевск одлучија да се борат против **абортусите** и на следниов начин: жените што се откажуваат од абортус од црковната каса добиваат месечна помош во износ од илјада рубли за време на целата бременост и во текот на една година по раѓањето на детето. Иницијативата е на старешината на локалната црква отец Мојсеј. Парите се од донациите на парохијаните и од касата за изградба на црквата. „Од религиозна гледна точка абортусот е тежок престап. Се бориме против овој грев преку нашите проповеди, но тоа не е доволно. Неопходно е да навлеземе во проблемите на идната мајка, сепак нешто ја поттикнува кон таа страшна операција“, вели свештеникот. Лекарите забележуваат дека по отпочнувањето на „крстоносната војна“ против абортусите, бројот на тие операции во градот се намали за 40%.

извори:
www.blagovest-info.ru
www.patriarhia.ru
www.mmb.ro
www.interfax-religion.ru
www.pravoslavie.ru

# IN MEMORIAM: ЕДЕН ПРАВОСЛАВЕН МИСИОНЕР



На 10 јуни му беше поменот на архимандрит Дамјано Монтеросо, свештенослужител во епархијата за Јужна Италија на Цариградската патријаршија. Студентите-теолози, кои со нас ги споделија спомените за оваа охристовена личност-сведоштво од нашето време, ќе го паметат не заради неговото забележително богословско творештво - иако беше ерудит, ниту заради завидната кариера во духовничкиот чин - иако беше сеоддаен духовник, ниту пак заради исклучителниот подвижнички живот, туку по сторијата за едно враќање кон родните корени и по желбата да ја разбуди и издигне од руините православната историја и живот во родната Јужна Италија.

Да се родиш и да израснеш пред половина век во гратче во Јужна Италија означува живот којшто минува под знакот и ритамот на црковните празници и традиција. Тоа е природната средина во која личноста созрева, во која семејните односи се сочувуваат.

Педесет години подоцна: многу ли е променета Јужна Италија? Сè тој афинитет кон семејството, сè таа експанзивност со која се чествуваат верските празници, со единствена разлика што современиот Италијанец сè помалку се интересира за црковните работи. Имено таа религиозна апатија и/или можеби европскиот притисок е причината католичка Јужна Италија да се навраќа сè почесто на својата историја и во византиското наследство да бара нова можност за оживување на верската традиција.

Во едно такво мало гратче (некогаш дел од древна митрополија) го сретнавме архимандритот пред три години. Тој служеше во еден од храмовите - древна византиска базилика, кои Католичката црква им ги отстапи на православните за богослужбено ползување. Нè позна дека сме Словени и ни проговори прво на полски, па на руски; подоцна се покажа дека добро ги владее и англискиот и францускиот јазик. Ни се зарадува, гледајќи во нас помошници, потпора во нелесното служење. И не само тоа - добродушниот и комуникативен духовник постепено се откри како исклучителен собеседник, кој со леснотија се впушташе во богословски дискусии и изложувања на сложени догматски и канонски проблеми од дијалогот меѓу Православната Црква и Католичката. Што правеше тука овој наобразуван монах, не му беше ли местото во високите црковни институции или вишите ерархиски степени на клирот? Одговорот на ова прашање природно дојде со сторијата што отец Дамјано ја сподели со нас.

Роден во Калабрија, родителите му се благочестиви католици. Тешките животни услови го принудуваат семејството да емигрира во Белгија. Таму за првпат доаѓа во допир со Православието. Кога пристигнуваат првите емигранти Грци, тој е на возраст од 12 години и за првпат гледа православен духовник. Тоа бил грчкиот митрополит Пантелејмон, под чија духовна грижа биле Белгија и Холандија. Месното население се однесувало недоверчиво кон православните, мислејќи ги за некаква секта.



IN MEMORIAM: ЕДЕН ПРАВОСЛАВЕН МИСИОНЕР

Православието за отец Дамјано, како и за православните во католичка Италија, не е даденост, не е ни привилегија, туку е секојдневен подвиг. Катехизацијата на православните мирјани се извршува паралелно со убедувањето и излагањето на православното учење на локалните Италијанци, кои, исплашени од инвазијата на секти, ги гледаат недоверчиво православните монаси, сметајќи ги за некаква егзотична секта.

Според архимандрит Дамјано, мисијата на Цариградската патријаршија во Јужна Италија денес е да го востанови и воскресне споменот за светите православни места и да се грижи за православните христијани во Италија. Распаѓањето на социјалистичкиот блок предизвика силен емиграционен бран од Украинци, Бугари, Руси и Романци. Бидејќи го позна опитот на човек оттргнат од своите корени, тој самиот ја сфаќаше оваа мисија пред сè како лична грижа за многубројните емигранти. Често во разговорите, со татковски топло чувство, отецот ги нарекуваше „сирачиња“. Така мисијата на Патријаршијата прерасну во грижа за емигрантите, кои во поголем дел се православни христијани, макар само по име или по традиција. Со благослов на митрополитот на Цариградската патријаршија за Јужна Италија г. Генадиј, се служи напоредно и по двата календари, бидејќи мнозинството верници се по стариот календар, а Грците, Бугарите и Романците се по новиот.

Условите за живот и работа на еден емигрант во Јужна Италија не се ни малку лесни. Единствената работа што се нуди е земјоделска, сезонска и слабо платена. Ја работат луѓе што страдаат од носталгија по родната земја и по своите блиски. За нив отец Дамјано го наоѓаше вистинското слово. Често им зборуваше за милоста на Бога, Кој ги лечи нашите душевни рани.

Во ова служење на отец Дамјано се допревме до реалност во која Божјата љубов зборува на различни јазици и ги надминува националните и културни разлики.

Православното богослужење во Јужна Италија личи на малечка Педесетница. Се извршува истовремено на италијански, грчки, руски, романски, бугарски - во зависност од мајчиниот јазик на верниот народ. Кога присуствуваш на слична служба, стануваш свесен за вселенскиот карактер на православието.

Во текот на последните две години архимандрит Дамјано беше прикован в постела од тешка болест, но продолжи да ја извршува својата мисија, молитвено застапувајќи се за своите чеда.

Бог да го прости!

извор: www.pravoslavie.bg